// СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 174 | 22 август 2019, четврток | година LXXV

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2682. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ -Штип ........................ | 2 |
| 2683. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност .................. | 2 |
| 2684. | **Решение** за прогласување на Киселичка Пештера за природна реткост .. | 2 |
| 2685. | **Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец јули 2019 година ........................................ | 8 |
| | **Огласен дел** ....................................... | 1-56 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2682.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за одбрана му престанува користењето на дел од недвижни ствари - деловни простории, кои се наоѓаат на улица „Македонија“ бб, Скопје, зграда бр.1, влез 1, кат ПО, број 1, со вкупна површина од 392 м2, на КП бр.12064/1 КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.55749, сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на времено користење, за период од 10 години, од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, без надомест, на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ -Штип.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и Државниот универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-6282/1
13 август 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**2683.**

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 124/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 август 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/06, 116/07, 126/07, 145/08, 41/11, 150/11, 147/12, 117/14, 31/16 и 222/16) во членот 2 став 1 точката 7 се менува и гласи:

„Лекови вклучувајќи и лекови за ветеринарна медицина кои се распоредени во следниве тарифни броеви од Царинската тарифа:

| Реден број | Тарифен број | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 3001 | Жлезди и други органи за органотерапевтски цели, сушени, вклучувајќи ги и во прав; екстракти од жлезди или од други органи или од нивни секрети за органотерапевтски цели; хепарин и негови соли; други човечки или животински материи приготвени за терапевтски или профилактички цели, неспоменати ниту опфатени на друго место |
| 2. | 3002 | Човечка крв; животинска крв подготвена за употреба во терапевтски, профилактички или дијагностички цели; антисеруми, други фракции на крв и имунолошки производи, модификувани или немодификувани или добиени со биотехнолошки процеси; вакцини, токсини, култури на микроорганизми (освен на квасец) и слични производи |
| 3. | 3003 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од две или повеќе состојки што се измешани заедно за терапевтска или профилактичка употреба, но кои не се приготвени во одмерени дози ниту во форма или пакување за малопродажба |
| 4. | 3004 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани производи за терапевтска или профилактичка употреба, приготвени во одмерени дози (вклучувајќи ги и оние во форма на трансдермален систем на апликацила) или во форми или пакување за продажба на мало |
| 5. | 3006 30 00 00 | - Контрастни средства за радиографски испитувања; дијагностички реагенси наменети за употреба кај пациентите |
| 6. | 3006 40 00 00 | - Забарски цементи и други забарски полнила; цементи за реконструкција на коски |
| 7. | 3006 60 | - Хемиски препарати за контрацепција врз база на хормони, на други производи од тар.број 2937 или на спермициди |
| 8. | 9018 90 84 00* | - Друго (*Напомена: се применува само за интраутерин систем со levonorgestrel) |

”.

По точката 15 се додава нова точка 16 која гласи:

„16. Топлинска енергија за греење.

Под топлинска енергија за греење се подразбира топлинската енергија која што се испорачува од систем за дистрибуција на топлинска енергија со кој што управува носител на лиценца за дистрибуција на топлинска енергија“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 25 август 2019 година.

Бр. 45-6429/1
20 август 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**2684.**

Врз основа на член 92 став (3) од Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КИСЕЛИЧКА ПЕШТЕРА ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

Член 1

Се прогласува за природна реткост спелеолошки објект - Киселичка Пештера која се наоѓа на подрачјето на општина Делчево, село Киселица.

Член 2

Називот на природната реткост е „Киселичка Пештера“.

Член 3

Киселичка Пештера се наоѓа во котлината Пијанец, во атарот на село Киселица, Делчевски регион на надморска висина од 770 метри.

Киселичка Пештера се наоѓа на левата долинска страна на безимен поток, кој припаѓа на сливот на Киселичка Река, десна притока на река Брегалница.

Површината на Киселичка Пештера со заштитната зона изнесува 41 хектари.

Положбата на Киселичка Пештера според географската координативна мрежа е со следните координати:

СГШ: 42° 01’ 30.6346’’

ИГД: 22° 44’ 52.7101’’ (според Гринич).

Картографскиот приказ на влезот на Киселичка Пештера според Гаус-Кригеровата картографска мрежа е даден во Прилог 1 кој е составен дел на ова решение.

Влезот на Киселичка пештера е со следните координати:

X= 4654977.440 Y= 7644734.414.

Координатите на границата на природната реткост Киселичка Пештера во Државен координатен систем се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на ова решение.

Член 4

Со природната реткост Киселичка Пештера управува општина Делчево, а во име на општината, градоначалникот на општина Делчево (во натамошниот текст: градоначалникот).

Член 5

Со цел да се спречи оштетување, уништување и нагрдување на природната реткост Киселичка Пештера како и извршување на други активности од страна на физички и правни лица, со кои директно или индиректно може да се загрози природната реткост, градоначалникот се грижи и презема активности за чување и одржување на природната реткост заради спречување на:

- влегување правни и физички лица во спелеолошкиот објект без претходно добиена дозвола од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- преземање активности кои негативно влијаат врз основните флористичко-фаунистички карактеристики на спелеолошкиот објект и неговата површина;
- кршење, уништување или отстранување на пештерски украси (сталактити, сталагмити и др.), како и изнесување пештерски украси, фосили и други предмети;
- менување на еколошките услови во спелеолошкиот објект и во негова непосредна околина;
- собирање пештерска флора и фауна;
- вознемирување, протерување и ловење пештерска фауна на која спелеолошкиот објект и неговата непосредна околина претставуваат нивни природни живеалишта;
- предизвикување бучава, вибрации, пожари и експлозии во спелеолошкиот објект и неговата непосредна околина;
- внесување алохтони животински и растителни видови во спелеолошкиот објект;
- депонирање отпадни, радиоактивни и биолошки неразградливи материи во спелеолошкиот објект и неговата непосредна околина;
- загадување на површинските води што понираат во спелеолошкиот објект и подземните води во спелеолошкиот објект;
- изградба на градби и инфраструктурни објекти пред влезот, во непосредната околина и над површината на спелеолошкиот објект;
- истражување и експлоатација на минерални суровини во потесното подрачје на спелеолошкиот објект и
- туристичка посета на спелеолошкиот објект кој не е уреден за таа намена, освен со придружба на спелеоводич.

Заради заштита, зачувување и промоција на природната реткост Киселичка Пештера градоначалникот:

- спроведува заштитно - промотивни мерки во соработка со стручни лица/експерти од областа на геонаследство, геологија, геоморфологија и биологија;
- спроведува научни истражувања на Киселичка Пештера по претходно прибавена дозвола од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- спроведува мониторинг на природната состојба и евентуалните промени на природната реткост;
- го уредува просторот околу природната реткост;
- ја означува природната реткост со поставување на информативна табла на прегледно место, на која се наведени основните податоци за природната реткост;
- спроведува активности за едукација на локалното население за потребата од заштита и зачувување на природната реткост и
- поставува физичка заштита на влезовите со поставување решеткаста врата, дизајнирана во консултација со стручни лица (биолози, спелеолози), со цел прилагодување на потребите на пештерската фауна (лилјаци).

Спроведувањето на активности и дејствија во непосредната околина на природната реткост Киселичка Пештера како што се: користење или уредување на пештерата или нејзин дел, затворање на влезот или некој дел од пештерата, изградба, обнова или санација на какви било подземни објекти, спроведување на истражување, изведување на експерименти или собирање на растенија, габи и животни во спелеолошкиот објект или негов дел, снимање филмови или фотографирање со електронска опрема во спелеолошкиот објект, како и вршење на други активности кои на кој било начин влијаат врз темелните карактеристики, услови и природната флора и фауна во спелеолошкиот објект или неговото надземно заштитно подрачје, се врши по претходно добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 124 став (1) од Законот за заштита на природата.

Член 6

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.13-4416/1<br>8 август 2019 година<br>Скопје | Министер за животна средина<br>и просторно планирање,<br>**Насер Нуредини,** с.р. |

Прилог 1

Картографски приказ на влезот на Киселичка Пештера според Гаус-Кригеровата картографска мрежа



Прилог 2

Координатите на границата на природната реткост Киселичка Пештера во Државен координатен систем

| ID | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7644385.432 | 4655266.193 |
| 2 | 7644394.542 | 4655263.167 |
| 3 | 7644411.590 | 4655209.893 |
| 4 | 7644449.814 | 4655128.118 |
| 5 | 7644484.575 | 4655072.979 |
| 6 | 7644513.343 | 4655041.814 |
| 7 | 7644538.515 | 4655034.622 |
| 8 | 7644568.482 | 4655044.211 |
| 9 | 7644592.455 | 4655100.549 |
| 10 | 7644626.017 | 4655206.031 |
| 11 | 7644652.388 | 4655265.964 |
| 12 | 7644651.189 | 4655315.110 |
| 13 | 7644649.991 | 4655340.282 |
| 14 | 7644659.580 | 4655351.070 |
| 15 | 7644682.954 | 4655360.459 |
| 16 | 7644698.137 | 4655376.441 |
| 17 | 7644719.713 | 4655423.589 |
| 18 | 7644742.088 | 4655484.321 |
| 19 | 7644748.082 | 4655516.086 |
| 20 | 7644756.472 | 4655558.039 |
| 21 | 7644772.055 | 4655605.986 |
| 22 | 7644786.439 | 4655656.330 |
| 23 | 7644790.035 | 4655693.488 |
| 24 | 7644790.035 | 4655707.872 |
| 25 | 7644795.429 | 4655711.357 |
| 26 | 7644812.121 | 4655708.516 |
| 27 | 7644826.328 | 4655710.292 |
| 28 | 7644837.338 | 4655710.647 |
| 29 | 7644842.310 | 4655707.451 |
| 30 | 7644842.310 | 4655697.861 |
| 31 | 7644837.693 | 4655682.589 |
| 32 | 7644834.141 | 4655648.849 |
| 33 | 7644832.721 | 4655606.230 |
| 34 | 7644832.721 | 4655568.583 |
| 35 | 7644835.562 | 4655557.573 |
| 36 | 7644839.469 | 4655552.601 |
| 37 | 7644848.703 | 4655553.666 |
| 38 | 7644869.657 | 4655560.414 |
| 39 | 7644880.312 | 4655569.293 |
| 40 | 7644897.715 | 4655573.910 |
| 41 | 7644938.203 | 4655573.200 |
| 42 | 7644982.421 | 4655571.424 |
| 43 | 7645031.433 | 4655577.284 |
| 44 | 7645064.995 | 4655589.005 |
| 45 | 7645090.567 | 4655598.061 |

| | | |
|---|---|---|
| 46 | 7645100.926 | 4655600.607 |
| 47 | 7645104.951 | 4655600.607 |
| 48 | 7645107.681 | 4655596.396 |
| 49 | 7645076.915 | 4655567.229 |
| 50 | 7645047.348 | 4655552.046 |
| 51 | 7645014.585 | 4655537.662 |
| 52 | 7644983.419 | 4655523.278 |
| 53 | 7644951.455 | 4655504.898 |
| 54 | 7644927.482 | 4655476.130 |
| 55 | 7644920.290 | 4655446.563 |
| 56 | 7644916.294 | 4655415.398 |
| 57 | 7644905.107 | 4655355.465 |
| 58 | 7644894.718 | 4655296.331 |
| 59 | 7644895.517 | 4655233.201 |
| 60 | 7644885.928 | 4655185.254 |
| 61 | 7644878.137 | 4655129.916 |
| 62 | 7644878.137 | 4655105.143 |
| 63 | 7644890.123 | 4655080.371 |
| 64 | 7644899.713 | 4655067.585 |
| 65 | 7644933.275 | 4655050.804 |
| 66 | 7644957.249 | 4655041.215 |
| 67 | 7645010.789 | 4655049.206 |
| 68 | 7645072.321 | 4655073.179 |
| 69 | 7645109.879 | 4655084.367 |
| 70 | 7645138.647 | 4655079.572 |
| 71 | 7645172.209 | 4655089.161 |
| 72 | 7645227.348 | 4655113.135 |
| 73 | 7645276.893 | 4655139.905 |
| 74 | 7645332.031 | 4655183.057 |
| 75 | 7645377.581 | 4655207.030 |
| 76 | 7645426.726 | 4655246.586 |
| 77 | 7645438.713 | 4655277.751 |
| 78 | 7645469.878 | 4655307.718 |
| 79 | 7645460.289 | 4655258.573 |
| 80 | 7645425.527 | 4655179.461 |
| 81 | 7645367.991 | 4655113.534 |
| 82 | 7645333.230 | 4655070.382 |
| 83 | 7645312.853 | 4655020.038 |
| 84 | 7645279.290 | 4654981.681 |
| 85 | 7645239.734 | 4654936.132 |
| 86 | 7645210.966 | 4654909.761 |
| 87 | 7645182.198 | 4654897.774 |
| 88 | 7645141.444 | 4654883.390 |
| 89 | 7645130.656 | 4654858.218 |
| 90 | 7645094.696 | 4654834.245 |
| 91 | 7645065.928 | 4654818.662 |

| | | |
|---|---|---|
| 92 | 7645019.180 | 4654805.477 |
| 93 | 7644966.438 | 4654789.894 |
| 94 | 7644944.862 | 4654785.100 |
| 95 | 7644895.717 | 4654758.729 |
| 96 | 7644876.539 | 4654749.140 |
| 97 | 7644866.949 | 4654726.365 |
| 98 | 7644847.771 | 4654711.981 |
| 99 | 7644811.811 | 4654704.789 |
| 100 | 7644786.639 | 4654703.591 |
| 101 | 7644751.877 | 4654728.763 |
| 102 | 7644731.500 | 4654798.285 |
| 103 | 7644714.719 | 4654841.437 |
| 104 | 7644684.752 | 4654882.192 |
| 105 | 7644672.765 | 4654880.993 |
| 106 | 7644669.169 | 4654865.410 |
| 107 | 7644669.169 | 4654849.828 |
| 108 | 7644660.779 | 4654833.046 |
| 109 | 7644638.004 | 4654799.484 |
| 110 | 7644632.011 | 4654762.325 |
| 111 | 7644609.236 | 4654728.763 |
| 112 | 7644590.057 | 4654710.783 |
| 113 | 7644554.098 | 4654683.813 |
| 114 | 7644524.131 | 4654665.833 |
| 115 | 7644502.555 | 4654658.641 |
| 116 | 7644478.582 | 4654662.237 |
| 117 | 7644464.198 | 4654673.025 |
| 118 | 7644454.608 | 4654716.177 |
| 119 | 7644449.414 | 4654741.482 |
| 120 | 7644437.122 | 4654743.030 |
| 121 | 7644430.729 | 4654767.003 |
| 122 | 7644433.127 | 4654786.182 |
| 123 | 7644425.935 | 4654800.566 |
| 124 | 7644416.345 | 4654835.727 |
| 125 | 7644409.952 | 4654880.477 |
| 126 | 7644397.966 | 4654917.236 |
| 127 | 7644395.568 | 4654951.598 |
| 128 | 7644394.769 | 4654977.968 |
| 129 | 7644381.984 | 4655013.129 |
| 130 | 7644373.993 | 4655048.290 |
| 131 | 7644369.997 | 4655084.250 |
| 132 | 7644373.193 | 4655129.000 |
| 133 | 7644379.586 | 4655196.925 |
| 134 | 7644385.979 | 4655248.068 |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2685.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец јули 2019 година, во однос на месец јуни 2019 година, е повисока за 0,2%.

2. Правото на пораст на платите за месец јули 2019 година, во однос на месец јуни 2019 година, за работодавачите од членот 3, став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, изнесува 0,1%.

Министер
за труд и социјална политика,
**Мила Царовска,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

ISSN 0354-1622
2019174

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**